# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Визија на ИАРМ е целосна примена на неговата мисија за изведување на акредитацијата заради остварување на доверба кај заинтересираните страни во акредитационите постапки кои ги изведува ИАРМ.

Во примената на нашата мисија, ние во потполност ги следиме барањата на релевантните македонски, европски и меѓународни стандарди и препораки од европските и меѓународните организации за акредитација (EA, ILAC и IAF) и се залагаме за одржување и проширување на договорите за взаемно признавање со нив. Согласно нашите можности ИАРМ се зазема да го направи најдоброто во градењето на една транспарентна структура и ефикасна организција прилагодена на специфичните потреби во Македонија. На овој начин ИАРМ придонесува за прогрес во Република Македонија и согласно своите можности учествува во напредокот на акредитацијата на европско и меѓународно ниво.

За да обезбеди доследно извршување на своите цели и соодветно ниво на квалитет на своите услуги, ИАРМ воспоставува и одржува систем на управување кој се темели на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011.

Директорот и вработените во ИАРМ се заземаат за постојано подобрување и унапредување на системот на работа на ИАРМ, согласно најновите изданија на стандардите за акредитација и при тоа ја почитуваат методологијата на планирање, делување, проверување, одлучување.

ИАРМ се залага за професионално и етички беспрекорно извршување на своите акредитациони услуги и себеси се гледа како партнер на индустријата со цел со своите активности да придонесе во подобрување на нејзиниот углед на европските и меѓународните пазари.

ИАРМ нема да овластува други кои за нивни потреби ќе доделуваат акредитација и нема да дава консултации за добивање и одржување на акредитација и нема да врши други активности кои влијаат на неговата независност и непристрасност.

Реализацијата на политиката за квалитет се проверува преку интерните и екстерните проверки, преиспитувањето од страна на раководството , превентивните и корективните мерки и задоволството кај корисниците на услуги..

Раководството е свесно дека соодветно обучен и компетентен персонал со практично искуство е клучна алатка за ефикасно и адекватно изведување на процедурите за акредитација. Затоа, раководството се залага да обезбеди постојана обука за вработените, ја проверува нивната ефикасност и согласно своите можности им обезбедува соодветни средства за работа и поддршка.

Клучот за ефикасен систем на акредитација со прифатливи цени лежи во обезбедување и ангажирање на компетентни оценувачи.

ИАРМ се стреми водечките оценувачи да бидат од вработените во ИАРМ а технички оценувачи од Република Македонија. Доколку тоа не е можно, може дасе вклучат оценувачи од странство.

Раководството се залага да обезбеди креативен амбиент, така што ги вклучува сите вработени во остварувањето на целите на ИАРМ. Целта на секој поединец е создавање на меѓународно препознатлив, признат, почитуван и ефиксен ентитет за акредитација кој со својата работа влева доверба кај корисниците на услугите. ИАРМ постојано ги следи најновите актуелности во врска со акредитација на европско и меѓународно ниво и барањата на клиентите и државата и се залага да ја прилагоди својата организација согласно новонастанатите актуелности.

Целите на политиката за квалитет постојано се обновуваат, прилагодуваат и презентираат во годишната програма за работа на ИАРМ. Остварувањето на поставените цели се утврдува при преиспитувањето од страна на раководството во врска со:

– намалувањето на бројот на несообразности или намалување на потребата од преземање на корективни/превентивни мерки;
– зголемувањето на задоволството кај корисниците на услугите;
– зголемувањето на задоволството кај државните органи;
– намалувањето на времето на чекање за спроведување на процедура за акредитација;
– намалувањето на бројот на жалби и приговори;
– проценка за успешното вклучувања на компетентни оценувачи во акредитациониот систем;
– проценка за навремената подготовка за акредитирање во нови подрачја,
– проценка на изведените обуки; и
– проценка на реализацијата на програмата за работа и финансиски план.

Директорот на ИАРМ и членовите на стручниот колегиумот на ИАРМ се свесни дека системот на управувањето може да се извршува без недостатоци само доколку се почитува од сите кои учествуваат во активностите на ИАРМ. Затоа, тие ги информираат сите учесници за активностите на ИАРМ за политиката за квалитет, нејзината важност и за документите на системот за управување и тековно им ги доставуваат сите потребни информации за непречено и висококвалитетно изведување на нивната работа. Преку редовните преиспитувања од страна на раководството се проверува дали постојано и коректно се почитува политиката за квалитет во сите сегменти при изведувањето на активностите на ИАРМ.

Директорот и сите учесници во активностите на ИАРМ се обврзуваат да работат согласно политиката за квалитет, прирачникот за квалитет и документите на ИАРМ, да го промовираат акредитациониот систем на ИАРМ и согласно своите можности конструктивно да учествуваат во подобрување на системот на управување.

Д-р Трпе Ристоски,
Директор на ИАРМ

М-р Борче Размоски
Претседател на Советот на ИАРМ

Институт за акредитација на Република Македонија
Скопје

Скопје, 07.12.2012 год.